# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ


| | |
|---|---|
| Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров излегува по потреба | 27 Септември 2024 година<br>Скопје<br>Бр.11 Год. XIX |

www.opstinagpetrov.gov.mk kontakt@opstinagpetrov.gov.mk

**Издавач:** **Општина Ѓорче Петров**
**ул.Ѓорче Петров бр.22**
**Уредува:** **Одделение за нормативно-правни работи и работа со Советот**
**тел.** **02/2039-307 ; 02/2039-308**
**фах.** **02/2033-309**


*Содржина:*


1. Одлука за донесување на План за парцелација - Г2 – лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија на КП 438/2, КП 438/3, КП 438/4 и дел од КП 438/1, КО Ѓорче Петров 1 – Ново Село ........................................стр.2
2. Одлука за донесување на Техничка исправка на урбанистички план на нумерички податоци за градежната парцела 2.4.36 од ДУП локалитет Алексо Демниевски, Општина Ѓорче Петров ........................................стр.5
3. Одлука усвојување на Процена на загрозеност од природни непогоди и други несреќи за општинската зграда на Општина Ѓорче Петров ........................................стр.7
4. Одлука за усвојување на План за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи за општинската зграда на Општината Ѓорче Петров ....................стр.9
5. Правилник за заштита од пожари и експлозии за општинската зграда на Општината Ѓорче Петров ........................................стр.11
6. Одлука за доделување на финансиски средства ........................................стр.29

7. Одлука за начинот на користење на финансиските средства од наплатата на комуналната такса за јавно осветлување ........................................................................стр.31
8. Одлука за измени и дополнувања на Програмата за комунални дејности за 2024 година ...........................................................................................................................стр.33
9. Одлука за изменување и дополнување на Програмата за урбано планирање „Ф“ на Општина Ѓорче Петров за 2024 година ..........................................................................стр.36
10. Одлука за методологија за утврдување на критериуми за распределба на средства од основниот буџет на општина Ѓорче Петров за 2024 година наменети за општинските основни училишта на територијата на општина Ѓорче Петров .стр..39
11. Одлука за методологијата за утврдување на критериуми за распределба на блок дотацијата наменета за општинските основни училишта на територијата на Општина Ѓорче Петров за 2024 година ...............................................................................стр.45
12. Одлука за измена и дополнување на буџетот (Четврт Ребаланс) на Општина Ѓорче Петров за 2024 година ......................................................................................................стр.51

**Септември 2024 година**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров - Пречистен текст („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр.8/23), градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за донесување на План за парцелација - Г2 – лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија на КП 438/2, КП 438/3 КП 438/4 и дел од КП 438/1, КО Ѓорче Петров 1 – Ново Село**

Се објавува одлуката за донесување на План за парцелација - Г2 – лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија на КП 438/2, КП 438/3, КП 438/4 и дел од КП 438/1, КО Ѓорче Петров 1 – Ново Село, што советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Четириесетиседмата седница на советот, одржана на ден 27.09.2024 година.

**Број 02-1536/1**
**од 27.09.2024 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 36 став (6) од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 32/20 и 111/23), член 16 став (1) точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров – Пречистен текст („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ број 8/23), советот на Општина Ѓорче Петров на 47-мата седница одржана на 27.09.2024 година, донесе:

**ОДЛУКА**
**за донесување на План за парцелација од Урбанистички проект со план за парцелација за формирање на градежна парцела со намена Г2 – лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија на КП 438/2, КП 438/3 КП 438/4 и дел од КП 438/1, КО Ѓорче Петров 1 – Ново Село во опфатот на УПС Ново Село Општина Ѓорче Петров**

**Член 1**

Со оваа одлука се донесува Планот за парцелација од Урбанистички проект со план за парцелација за формирање на градежна парцела со намена Г2 – лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија на КП 438/2, КП 438/3, КП 438/4 и дел од КП 438/1, КО Ѓорче Петров 1 – Ново Село, во опфатот на УПС Ново Село (Одлука бр. 08-1819/7 од 16.11.2020 год.), Општина Ѓорче Петров.

Планот за парцелација, како составен дел од Урбанистички проект со план за парцелација за формирање на градежна парцела со намена Г2 – лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија на КП 438/2, КП 438/3, КП 438/4 и дел од КП 438/1, КО Ѓорче Петров 1 – Ново Село, во опфатот на УПС Ново Село (Одлука бр. 08-1819/7 од 16.11.2020 год.), Општина Ѓорче Петров, е изготвен во целост почитувајќи ги одредбите зададени со важечкиот Урбанистички план за село Ново Село (Одлука бр. 08-1819/7 од 16.11.2020 год.), како и согласно Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 32/20 и 111/23), Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 225/20, 219/21, 104/22 и 99/23) и останатата релевантна законска и подзаконска регулатива.

**Член 2**

Со Планот за парцелација од Урбанистички проект со план за парцелација за формирање на градежна парцела со намена Г2 – лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија на КП 438/2, КП 438/3, КП 438/4 и дел од КП 438/1, КО Ѓорче Петров 1 – Ново Село, во опфатот на УПС Ново Село (Одлука бр. 08-1819/7 од 16.11.2020 год.), Општина Ѓорче Петров, се формира една градежна парцела чија што структура на сопственост обезбедува нејзина реализација согласно закон, а во сè согласно Член 63 став (1) од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 32/20 и 111/23) и Член 57 став (1) од Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 225/20, 219/21, 104/22 и 99/23).

**Член 3**

Планот за парцелација од Урбанистички проект со план за парцелација за формирање на градежна парцела со намена Г2 – лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија на КП 438/2, КП 438/3, КП 438/4 и дел од КП 438/1, КО Ѓорче Петров 1 – Ново Село, во опфатот на УПС Ново Село (Одлука бр. 08-1819/7 од 16.11.2020 год.), Општина Ѓорче Петров, е изработен од **ЗУМ ПРОЕКТ ДОО Скопје** со техн. бр. 19/24-У со датум на изработка од август 2024 год.

Планот за парцелација е со следната содржина:

1. Опис и образложение на парцелацијата
2. Графички дел – план за парцелација
3. Синтезна карта

**Член 4**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 02-1464/3**
**од 27.09.2024 година**
**С к о п ј е**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Ленче Нелоска с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров - Пречистен текст („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр.8/23), градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

РЕШЕНИЕ

**за објавување на Одлука за донесување на Техничка исправка на урбанистички план на нумерички податоци за градежната парцела 2.4.36 од ДУП локалитет Алексо Демниевски Општина Ѓорче Петров**

Се објавува одлуката за донесување на Техничка исправка на урбанистички план на нумерички податоци за градежната парцела 2.4.36 од ДУП локалитет Алексо Демниевски, Општина Ѓорче Петров, што советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Четириесетиседмата седница на советот, одржана на ден 27.09.2024 година.

**Број 02-1536/2**
**од 27.09.2024 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 36 став (6) од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 32/20, 111/23 и 171/24), член 16 став (1) точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров – Пречистен текст („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ број 8/23), советот на Општина Ѓорче Петров на 47-мата седница одржана на 27.09.2024 година, донесе:

## ОДЛУКА
## за донесување на Техничка исправка на урбанистички план на нумерички податоци за градежната парцела 2.4.36 од ДУП локалитет Алексо Демниевски, Општина Ѓорче Петров, Скопје

### Член 1

Со оваа одлука се донесува Техничка исправка на урбанистички план на нумерички податоци за градежната парцела 2.4.36 од ДУП локалитет Алексо Демниевски, Општина Ѓорче Петров, Скопје (донесен со Одлука на Советот на Општина Ѓорче Петров бр. 07-1474/4 од 21.07.2006 год.), изработен од ЗУМ ПРОЕКТ ДОО Скопје со техн. бр. 117/24-У од август 2024 год., а по добиено позитивно Мислење од Комисијата за урбанизам на Општина Ѓорче Петров со бр. 10-617/6 од 03.09.2024 год.

### Член 2

Техничката исправка на урбанистички план на нумерички податоци за градежната парцела 2.4.36 од ДУП локалитет Алексо Демниевски, Општина Ѓорче Петров, Скопје (донесен со Одлука на Советот на Општина Ѓорче Петров бр. 07-1474/4 од 21.07.2006 год.), изработена од ЗУМ ПРОЕКТ ДОО Скопје со техн. бр. 117/24-У од август 2024 год., е составен дел на Деталниот урбанистички план локалитет Алексо Демниевски, Општина Ѓорче Петров, Скопје (Одлука бр. 07-1474/4 од 21.07.2006 год.).

### Член 3

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 02-1464/4**
**од 27.09.2024 година**
**С к о п ј е**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Ленче Нелоска с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров - Пречистен текст („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр.8/23), градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

## РЕШЕНИЕ
**за објавување на Одлука за усвојување на Процена на загрозеност од природни непогоди и други несреќи за општинската зграда на Општина Ѓорче Петров**

Се објавува одлуката за усвојување на Процената на загрозеност од природни непогоди и други несреќи за општинската зграда на Општина Ѓорче Петров, што советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Четириесетиседмата седница на советот, одржана на ден 27.09.2024 година.

**Број 02-1536/3**
**од 27.09.2024 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 11 став 3 од Законот за заштита и спасување (“Службен весник на РМ“ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 93/12, 41/14, 129/15, 71/16 и 106/16)2), член 22 став 1 точка 10, член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа(“Службен весник на РМ“ бр. 5/02) ) и член 16 став (1) точка 16 од Статутот на Општина Ѓорче Петров – Пречистен текст („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ број 8/23), советот на Општина Ѓорче Петров на 47-мата седница одржана на 27.09.2024 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**За усвојување  на Процена на загрозеност  од природни непогоди и други несреќи за општинската зграда на Општина Ѓорче Петров**

**Член 1**

Се усвојува Процената на загрозеност од природни непогоди и други несреќи за објектот на општинската зграда на општината Ѓорче Петров.

**Член 2**

Сите измени и дополнувања кои евентуално би било неопходно да се направат во Процената на загрозеност од природни непогоди и други несреќи, ќе ги изготвува ракувачот со Планот за заштита и спасување.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на општината Ѓорче Петров“.

**Број 02-1464/5**
**од 27.09.2024 година**
**С к о п ј е**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Ленче Нелоска с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров - Пречистен текст („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр.8/23), градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

## РЕШЕНИЕ
## за објавување на Одлука за усвојување на План за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи за општинската зграда на Општина Ѓорче Петров

Се објавува одлуката за усвојување на Планот за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи за општинската зграда на Општината Ѓорче Петров, што советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Четириесетиседмата седница на советот, одржана на ден 27.09.2024 година.

**Број 02-1536/4**
**од 27.09.2024 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 11 став 3 од Законот за заштита и спасување (“Службен весник на РМ“ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 93/12, 41/14, 129/15, 71/16 и 106/16)2), член 22 став 1 точка 10, член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа(“Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 16 став (1) точка 16 од Статутот на Општина Ѓорче Петров – Пречистен текст („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ број 8/23), советот на Општина Ѓорче Петров на 47-мата седница одржана на 27.09.2024 година, донесе:

**О Д Л У К А**

**За усвојување на План за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи за општинската зграда на Општината Ѓорче Петров**

**Член 1**

Се усвојува План за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи за општинската зграда на Општина Ѓорче Петров.

**Член 2**

Измените во Планот за заштита и спасување се вршат во согласност со членот 4 став 3 од Уредбата за начинот на ракување и употребата на Планот за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи на Република Македонија и за содржината, ракувањето и употребата на плановите за заштита и спасување на единиците на локалната самоуправа, трговските друштва, јавните претпријатија, установи и служби (“Службен весник на РМ“ бр. 76/2006).

**Член 3**

Одлуката влегува во сила сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 02-1464/6**
**од 27.09.2024 година**
**С к о п ј е**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Ленче Нелоска с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров - Пречистен текст („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр.8/23), градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

РЕШЕНИЕ
**за објавување на Правилник за заштита од пожари и експлозии за општинската зграда на Општината Ѓорче Петров**

Се објавува Правилникот за заштита од пожари и експлозии за општинската зграда на Општината Ѓорче Петров, што советот на Општина Ѓорче Петров го донесе на Четириесетиседмата седница на советот, одржана на ден 27.09.2024 година.

**Број 02-1536/5**
**од 27.09.2024 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 75 став 2 од Законот за заштита и спасување (“Службен весник на РМ“ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 93/12, 41/14, 129/15, 71/16 и 106/16)2) и Упатството за содржината на Правилникот за заштита од пожари и експлозии на државните органи, органите на државната управа, единиците на локалната самоуправа, јавните претпријатија, јавните установи, трговските Друштва, трговците поединци, и други правни лица (“Службен весник на РМ“ бр.80/2011), како и член 16 точка 16 од Статутот на Општината (“Службен гласник на Општината“ број 09-1418/11 од 13.07.2023 година), советот на Општина Ѓорче Петров на 47-мата седница одржана на 27.09.2024 година, го донесе следниот:

# ПРАВИЛНИК
# ЗА ЗАШТИТА ОД ПОЖАРИ И ЕКСПЛОЗИИ

## I. ОПШТО ЗА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ЗАШТИТА ОД ПОЖАРИ И ЕКСПЛОЗИИ

### Член 1

Со Правилникот за заштита од пожари и експлозии се уредува начинот на организирање и остварување на противпожрната заштита, а во согласност со Упатството за содржината на Правилникот за заштита од пожари и експлозии на државните органи, органите на државната управа, единиците на локалната самоуправа, јавните претпријатија, јавните установи, трговските Друштва, трговците поединци, и други правни лица ( “Службен весник на РМ“ бр.80/2011) и тоа:

- Организационата, функционална и просторна поставеност;
- Мерките за заштита од пожари и експлозии со кои ќе се отстрануваат, односно намалуваат опасностите од пожари и експлозии;
- Начинот на запознавање на вработените со опасностите од пожари и експлозии, сврзани со соодветно работно место при стапување на работа и при распоредување од едно на друго работно место;
- Начинот на обучување на вработените за учество во гасење на пожари, ракување со уредите, техничката опрема и средствата за гасење на пожари и
- Распоредот и времето на испитување на уредите, техничката опрема и средствата за гасење на пожарите.

### Член 2

Заштитата од пожари и експлозии опфаќа мерки и постапки на вработените кои се утврдуваат и преземаат заради спречување на настанување, локализирање и гасење на пожарите, како и спасување на луѓето и материјалните добра кои можат да бидат загрозени со пожари и експлозии.

Заштитата од пожари и експлозии се организира и спроведува на секое работно место, во сите делови и во сите простории, а посебно на оние места каде што има зголемена опасност од настанување на пожар или експлозија.

## II. ОРГАНИЗАЦИОНА,ФУНКЦИОНАЛНА И ПРОСТОРНА ПОСТАВЕНОСТ

### Член 3

**А.Организациона и функционална поставеност на Општината**

Органи на Општината се Советот на Општината и Градоначалник.

Највисок орган на одлучување во рамките на правата и должностите во Општината е Советот на Општината и тој претставува претставничко тело на граѓаните на Општината, а истиот брои 23 членови.

За разгледување на прашања и утврдување на предлози од одредена област, Советот на Општината од својот состав може да формира постојани и повремени Комисии чиј што состав соодветствува на пропорционалната застапеност на политичките партии во Советот и истите се дефинирани во Статутот на Општината.

Градоначалникот на Општината ги врши своите надлежности во рамките утврдени со Закон и со Статутот на Општината.

Во рамките на Општината функционираат повеќе сектори и тоа:

1. Сектор за подршка на градоначалникот и јавни набавки;
2. Сектор за нормативно правни, општи работи и јавни набавки;
3. Сектор за финансиски прашања;
4. Сектор за урбанизам, инвестиции и комунални дејности и
5. Сектор за економски одржлив развој.

**Член 4**

Во рамките на овие сектори, функционираат одделенија и тоа:

Во секторот за подршка на градоначалникот:

1. Одделение за подршка на работа на градоначалникот и
2. Одделението за дејности од јавен интерес.

Во Секторот за нормативно правни, општи работи и јавни набавки:

1. Одделение за нормативно-правни работи и работа со Совет;
2. Одделение за општи и стручно административни работи и
3. Одделение за јавни набавки.

Во Сектор за финансиски прашања:

1. Одделение за буџетска координација;
2. Одделение за буџетска контрола и
3. Одделение за сметководство и плаќања.

Во Секторот за урбанизам, инвестиции и комунални дејности:

1. Одделение за просторно и урбанистичко планирање;
2. Одделение за спроведување на урбанистички планови и
3. Одделение за инвестиции, комунални дејности и тековно одржување.

Во Секторот за економски одржлив развој:

1. Одделение за лер, подготовка на проектни апликации, подршка за ЕУ програми и ЈПП и
2. Одделение за заштита на животната средина, и енергетска ефикасност и управување со земјиште.

**Член 5**

Со Секторите и Одделенијата кои функционираат во Општината раководат раководители, а исто така за спроведување на поедини активности во општинската администрација има советници, виши референти, самостојни референти и друг административен кадар во согласност со Организацијата и систематизацијата на работните места во Општината.

**Член 6**

**Б. Просторна поставеност**

Просторно, објектот на Општината Ѓорче Петров, се наоѓа на улицата ЃОРЧЕ ПЕТРОВ број 22, во Градот Скопје.

Објектот се состои од приземје и четири ката, а под нивото на котата на земјата има изградено и две подземни нивоа.

Објектот се состои претежно од простории во кои се извршуваат административни активности, односно канцеларии, сали за состаноци, простории за архива и други помошни простории (тоалети, кафе кујни и др.).Вкупната површина на објектот изнесува околу 3400 м$^2$.

Со оглед на фактот што Општината покрај објектот, односно административната зграда, располага и со објект-спортска сала која се наоѓа во кругот и склопот на ООУ “Тихомир Милошевски“, која е на друга локација,

на не многу голема оддалеченост (околу 4 километри), сите одредби кои се регулирани во овој Правилник, ќе важат и за спортската сала.

**Член 7**

Заштитата од пожари и експлозии опфаќа мерки и постапки на вработените кои се утврдуваат и преземаат заради спречување на настанување, локализирање и гаснење на пожарите, како и спасување на луѓето и материјалните добра кои можат да бидат загрозени со пожарите и експлозиите.

Заштитата од пожари и експлозии се организира и спроведува на секое работно место, во сите делови и во сите простории во објектот на општинската зграда, а посебно на оние места каде што има зголемена опасност од настанување на пожари или експлозии.

За одстранување на евентуални појави на пожари и други загрозености на ниво на Општината формирана е универзална единица за заштита и спасување во јачина на универзален вод, а за раководење со единицата формиран е штаб за заштита и спасување.

## III. ДОЛЖНОСТИ НА ОРГАНОТ НА РАКОВОДЕЊЕ,РАКОВОДИТЕЛИТЕ И ДРУГИТЕ РАБОТНИЦИ

**Член 8**

**1.Совет на Општината**

Советот на Општината ја утврдува политиката за заштита од пожари и експлозии на вработените и имотот на Општината и се грижи за нејзино доследно спроведување.

Во врска со ова, Советот на Општината ги има следните обврски:

- Ги донесува општите акти, одлуките, плановите и програмите со кои се уредува заштитата од пожари и експлозии;
- Ја следи, разгледува и проценува состојбата на противпожарната заштита и врз основа на тоа донесува заклучоци и одлуки за отстранување на опасностите од избивање на пожари и експлозии и преземање на противпожарни мерки;
- Ја разгледува состојбата, организираноста, бројноста и техничката опременост со противпожарната опрема, како и стручноста и оспособеноста на вработените за брзо и ефикасно гаснење на појавени пожари или експлозии;
- Ги обезбедува потребните финансиски средства за спроведување на мерките за заштита од пожари и експлозии;

- Во случај на пожар со материјални штети, Советот формира Комисија за утврдување на причините за настанување на истата и утврдување на евентуалните виновници за настанување на пожарот;

- Врши и други задачи кои можат да се јават по потреба, а се однесуваат на оваа проблематика.

**Член 9**

**2.Должности на градоначалникот**

Во врска со заштитата од пожари и експлозии,Градоначалникот е должен и одговорен,односно:

- Организира и врши надзор над примената и спроведувањето на општите прописи од областа на противпожарната заштита, нормативните акти и одлуки на Советот на Општината.Исто така градоначалникот е одговорен за правовремена изработка, донесување и спроведување на сите акти од областа на заштитата од пожари и експлозии и презема мерки за спроведување и унапредување на заштитата од пожари;
- На работните места и во работниот простор да презема, да спроведува и да се придржува кон донесените мерки за заштита од пожари и експлозии;
- Да овозможи непречено вршење на инспекциските работи од областа на заштита од пожари и експлозии при вршењето на вакви прегледи од страна на надлежните државни органи;
- Да обезбеди процесот на работа во областа на заштита од пожари и експлозии да се врши непречено, според законските и под законските акти и според актите на Општината;
- Да се грижи за унапредување на заштитата од пожари и експлозии;
- Да ги обезбеди потребните финансиски средства за спроведување на мерките за заштита од пожари и експлозии;
- Да го контролира трошењето на финансиските средства при спроведувањето на мерките за заштита од пожари и експлозии;
- Да нареди привремено (до отстранување на опасноста) прекинување на работењето, ако утврди дека во процесот на работата настанала непосредна потенцијална опасност за настанување на пожари и експлозии;
- Да го спречи вршењето на работните задачи на работниците кои при работењето не се придржуваат кон мерките за заштита од пожари и експлозии;
- Покренува дисциплинска постапка против вработените кои имаат направено повреда на работната обврска во врска со заштитата од пожари.

**Член 10**

**3.Должност на раководителите на секторите и одделенијата**

Раководителите на секторите и одделенијата покрај основните должности и одговорности, утврдени со описот на работните задачи по работни места, се должни и одговорни:

- На работното место и во работниот простор да преземаат, да спроведуваат и да се придржуваат кон донесените мерки за заштита од пожари и експлозии;
- Да овозможат непречено вршење на инспекциските работи од областа на заштита од пожари и експлозии и на инспекторите да им ги дадат потребните податоци и известувања;
- Да организираат да се отстранат во определениот рок, недостатоците во заштитата од пожари и експлозии утврдени од надлежните инспекции;
- Да наредат привремено (до отстранување на опасноста) прекинување на работењето, ако утврди дека во процесот на работата настанала непосредна потенцијална опасност за настанување на пожари и експлозии;
- Да го известат лицето задолжено за заштита од пожари и експлозии за евентуалните потенцијални опасности од настанување на пожар или експлозија како и за секој евентуално настанат пожар или експлозија или за инцидент при кој не дошло до пожар или експлозија но истиот претставува опасност за вработените.
- Да обезбедат стручно оспособување на вработените за безбедно работење со цел да не дојде до пожар или експлозија (практичен дел) и ваквите работи да се вршат под стручен надзор на нивните непосредни раководители;
- Да овозможат присуство на вработените при изведувањето на тактичко показните вежби;
- Да контролираат дали вработените пред почетокот со работа, во текот на работењето и по завршување на работењето, пред напуштањето на нивните работни места, постапуваат според упатствата за работа и се придржуваат кон потребните мерки за заштита од пожари и експлозии;
- Го контролираат работењето на изведувачите на работите при изградбата на нови и при доградбата, надградбата, реконструкцијата и пренамената на постојните објекти и инсталации и придржувањето на изведувачите на работите кон мерките за заштита од пожари и експлозии;
- Ја оценуваат потребата од поставување на противпожарна стража кога тоа е потребно;

- Да ги отстранат од вршењето на работните задачи работниците кои при работењето не се придржуваат кон мерките за заштита од пожари и експлозии.

**Член 11**

**4. Должност на лицето задолжено за заштита од пожари и експлозии**

Во заштитата од пожари и експлозии, кадарот (лицето) задолжено за заштита од пожари и експлозии ги има следните права, должности и одговорности:

- Добро да ја познава организацијата на работата во Општината, процесот на работењето и сите можни опасности од пожари и експлозии и мерки за отстранување на тие опасности;
- Да се запознава со законските прописи кои ја регулираат проблематиката од областа на заштитата од пожари и експлозии;

- Да биде запознат со внатрешните акти на Општината за заштитата од пожари и експлозии;
- По потреба врши преглед на објектот, просториите, како и уредите и инсталациите, опремата и средствата за гаснење на пожари, со цел воочување на евентуални извори за настанување на пожари и експлозии, контрола над спроведувањето на мерките и водење на евиденција;
- Ја контролира исправноста на противпожарните апарати и хидрантската инсталација во поглед на комплетноста со пропратната опрема, се грижи за редовно сервисирање на апаратите, испитување на хидрантската инсталација и испитување на стабилните инсталации за откривање, јавување и гаснење на пожари и откривање на експлозивни смеси, електричната и громобранска инсталација;
- За секој утврден недостаток во поглед на неисправност на опремата и другите справи за гаснење на пожар, го известува претпоставениот;
- Организира обука и запознавање на вработените со опасностите и мерките за заштита од пожари и експлозии;
- Учествува во изработка на нормативните акти кои се однесуваат на заштитата од пожари и експлозии (Правилник, Упатства и др.), а кои се однесуваат на заштитата од пожари и експлозии (одлуки, заклучоци, наредби, информации и др.);
- Најмалку еднаш во текот на годината поднесува извештај за активностите;

- Се грижи за обезбедување на потребните средства и опрема за гаснење на пожари, ја контролира исправноста и презема мерки за одржување и перменентна исправност на средствата и опремата;
- На неговиот претпоставен или друго овластено лице, му предложува прекин на работата во поедини простории доколку во истите постои опасност од појава на пожари и експлозии и загрозеност по здравјето и животите на вработените и другите присутни лица;
- Соработува со инспекциските органи од областа на заштитата од пожари и експлозии и организира спроведување на мерки кои се наложени од страна на инспекциските служби;
- Соработува со ресорните органи од областа на заштитата од пожари и експлозии со цел унапредување на заштитата од пожари и експлозии;
- Работи и други работи кои по природата се во негова надлежност, а се во врска со заштитата од пожари и експлозии;
- Води целосна евиденција за сите активности од областа на заштитата од пожари и експлозии;
- Да води сметка за роковите за испитување на уредите и инсталациите за заштита од пожари и експлозии, другата противпожарна опрема, средствата за гаснење на пожари и противпожарни апарати кои се поставени во објектот, во согласност со законските прописи (Закон за пожарникарство, Правилници и др.);
- Благовремено дојавува за потребата од испитување на уредите и инсталациите за заштита од пожари, другата противпожарна опрема, средствата за гаснење на

пожари и противпожарни апарати кои се поставени во објектот, пред истекот на рокот од датумот на последното испитување;

- За сите утврдени недостатоци при извршеното испитување, задолжително да го извести одговорното лице, со цел преземање на мерки за благовремено отстранување на утврдените недостатоци;
- Да презема и други мерки и активности за заштита од пожари и експлозии.

**Член 12**

**5.Должности на работниците за обезбедување**

Покрај работните задачи кои се однесуваат на обезбедувањето на имотот и лицата во објектот на Општината, работниците за обезбедување од областа на заштитата и спасување од пожари ги имаат следниве права и обврски:

- Редовно врши преглед на објектот и неговата околина, открива и воочува опасности од појави на пожар, по можност истите ги отстранува и за таквата состојба ги известува одговорните лица;
- Да ги познаваат активности од областа на гасењето на пожарите;
- Да ги контролираат работните, помошните и други простории,односно сите простории во објектот;
- За време на своето дежурство да ја контролираат исправноста на преносните противпожарни апарати и други уреди и опрема за гасење на пожар и за состојбата да го известуваат надлежниот одговорен работник со внесување на заблешките во книгата за дежурства;
- Добро да го познаваат распоредот на противпожарните апарати, противпожарните хидранти како и сите приоди и влезови во објектот на Општината.
- Во случај на појава на пожар веднаш презема мерки за гасење на истиот и мерки за известување за настанатиот пожар до градската противпожарна бригада, како и градоначалникот или лицето задолжено за заштитата од пожари и експлозии;
- Во случај на избувнување на пожар кога не се наоѓаат на должност, на повик веднаш да се јават во објектот на Општината и веднаш да се вклучат во акцијата на гасење на пожарот и спасување на луѓето и материјалните добра зафатени од пожарот;
- При интервенција на противпожарната единица, се грижи за обезбедување на услови за безбедно работење (одржува ред, не дозволува пристап на некомпетентни лица и др.),
- Да преземаат и други мерки и активности за заштита од пожар.

**Член 13**

**6.Должност и обврска на останатите вработени**

Покрај основните должности и одговорности, утврдени со описот на работните задачи по работни места, работниците се должни и одговорни:

- да се запознаат со организација на заштитата од пожари и експлозии во Општината;

- да бидат запознати со упатствата за сигурна работа од аспект на заштита од пожари и експлозии, а посебно на оние делови од должностите кои се однесуваат на извршувањето на работните задачи во рамките на своите работни должности;
- да го знаат телефонскиот број на територијалната противпожарна единица на Градот;
- да го знаат распоредот на противпожарните апарати, хидранти и другата опрема за гаснење на пожар;
- да знаат како треба да постапат и како да се однесуваат во случај на опасност од пожар или појава на пожар или експлозија;
- да се оспособат за работа на сигурен и безбеден начин од аспект на заштита од пожари и експлозии;
- за сите воочени недостатоци или други неисправности кои би можеле да предизвикаат пожар, да го известат одговорното лице за заштита од пожари и експлозии, непосредниот претпоставен (раководител), или друго овластено лице;
- да внимаваат противпожарнита патишта секогаш да бидат чисти и проодни;
- после завршување на работните обврски, во работните простории да ги отстранат сите опасности кои би можеле да предизвикаат пожар или експлозија;
- да учествуваат во обуките за оспособување за заштита од пожари и експлозии;
- да ги вршат сите други останати работи во врска со заштитата од пожари и експлозии.

## IV.МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА ОД ПОЖАРИ И ЕКСПЛОЗИИ

**Член 14**

Во објектот на Општината, а со цел спречување на настанување на пожари и експлозии, мора да се спроведуваат сите пожарно-превентивни

мерки, одредени со законските и други прописи, како и со превентивните мерки одредени со овој Правилник и другите нормативни акти.

**Член 15**

Со мерките за заштита од пожари и експлозии, се отстрануваат сите извори за настанување на пожари и експлозии, спречување на негово ширење и создавање на услови за спасување на вработените и материјалните добра.

**Член 16**

Во сите делови и други простории во објектот на Општината, ќе се преземаат и спроведуваат следните мерки за заштита од пожари и експлозии:

- Патиштата и приодите кои водат кон влезот на објектот, влезните и излезните врати како и ходниците во објектот, мора да бидат слободни и функционални во секое време, како би можело во случај на пожар и други несреќи, непречено да се изведува акција за спасување и гансење на пожар, евакуација и други активности кои се однесуваат на безбедноста на вработените;
- Електричната инсталација во објектот и опремата за работа, мора да биде изведена така што нема да претставува опасност за предизвикување на пожар и експлозија, односно во согласност со законските прописи, а отстранувањето на евентуално

настанати дефекти мора да го вршат само лица со соодветна квалификација за такви активности;

- Редовно да се врши отстранување на појавените дефекти на електричната инсталација (оштетени кабли, прекинувачи, утикачници и др.);
- Да се врши почеста контрола на исправноста на продолжните кабли од апаратите кои се користат за административно работење (компјутери, печатари и др.), како и проверка на исправноста на самите апарати;
- Исправноста на електричната инсталација задолжително да се испитува во согласност со законските прописи кои ја регулираат оваа проблематика, а испитувањето да го вршат акредитирани тела со сертификат за акредитација на инспекциско тело;
- Громобранската инсталација да се испитува согласно важечки законски нормативи и прописи, односно согласно барањата на стандардите кои се пропишани за оваа проблематика (MKS EN 62305:2013 и МКС Н.Б4.801 и МКС Н.Б4.803, МКС Н.Б4.804 и МКС Н.Б4.810), од страна на акредитирано правно лице;
- Отпадни материи кои се создаваат во текот на работењето, редовно да се чистат и изнесуваат од просториите во објектот;
- Техничката опрема, апаратите, хидрантите и сите други справи за гаснење на пожар, мора секогаш да бидат во исправна состојба за евентуална употреба и поставени на места според Елаборатот за заштита од пожари, експлозии и опасни материи;
- Пристапните патишта до апаратите, хидрантите и другите справи за гаснење на пожар, да бидат проодни заради овозможување на непречен и брз пристап до истите, со цел брзо и ефикасно ставање во функција за гаснење на пожар;
- Промената на прегорени и неисправни автоматски осигурувачи да се врши исклучиво со нови со соодветната јачина на номиналната;
- Во текот на работното време, вработените да го следат функционирањето на техничките апарати (компјутери, печатари и сл.), а при секое појавување на одредена аномалија (зачадување, престанок со работа и сл.), да се преземат мерки за нивно исклучување од доводот на електрична енергија;
- Да се води сметка околу бројот на приклучени електрични уреди на продолжните кабли, односно да не се приклучуваат поголем број на електрични уреди, како не би дошло до преоптеретување на електричната инсталација, а со тоа и услови за топење на изолациите и прегорување на електричните уреди, како и појави на кратки врски;
- При секое напуштање на просториите, после завршување на работното време, да се изврши проверка на исклученоста на апаратите кои можат да предизвикаат пожар или експлозија;
- Во корпите за фрлање на отпадоци, да не се фрлаат средства и материи кои можат да предизвикаат забавени реакции на палење (потрошени плински запалки, шишиња со хемиски средства и др.);

- Во кафе кујната, каде што се користат грејни тела за приготвување на кафе и други топли напитоци, задолжитлно да се преземаат мерки за заштита од пожари и експлозии ( да не се чуваат лесно запалливи материи и др.);
- Во просториите да не се влегува со отворен пламен или друг извор на топлина;
- За влегување во подрумските простории, како и други простории во кои заради прекин на мрежен напон и евентуално неактивирање на дизел агрегатот, нема доволно светлина, за движење да не се користат свеќи, запалки и друг отворен пламен, туку исклучиво да се користат батериски ламби на автономен погон;
- Доколку во просториите е неопходно преземање на мерки и активности за кои е потребно употреба на алат кој за време на работењето создава искри или вжарени парчиња метал, да се преземат сите мерки за заштита од пожар, односно поставување на противпожарна стража, дислокација на запалливи материјали, како и во крајна мерка, поставување на противпожарна стража со присуство на противпожарно возило од територијалната противпожарна единица на Градот, која услуга е дел од непрофитабилните услуги кои ги даваат територијалните противпожарни единици, а во согласност со Законот за пожарникарство;
- Во случај на неработење на системот за греење, во зимскиот период, евентуалното користење на тела за загревање, да биде со тела кои немаат отворен тип на греачи (кварцни греалки, обични греалки, решоа и сл.), туку загревањето да се врши со уреди со кои опасноста од појава на пожар е многу мала (електрични панел плочи, електрични радијатори и др.), а за време на користењето, истите да бидат под постојан надзор;
- Пред заминување од работа, или за време на напуштање на просторијата од било кои и да се причини (одење на пауза, состанок во друга канцеларија и др.) задолжително да се исклучи телото за загревање на просторијата доколку во просторијата нема друго вработено лице;
- При евентуално нужно користење на вакви уреди за загревање, задолжително да се внимава на нивното исклучување, односно вклучување, посебно ако каблите од истите, се едни до други и слични со кабли од компјутери, печатари и др;
- Во сите простории, (освен во кафе кујната и со посебни мерки за заштита од пожари и експлозии во истото), забранета е употреба на грејни тела за приготвување на кафе и други топли напитоци, кои можат да предизвикаат оган, а со тоа и пожар;
- Да се почитува Правилникот за одржување во исправна состојба на оџаците, димоводните уреди, системите за воздух, системите за воздушно и водено греење огништата-котли за парно греење во објекти, како и во индустриските и занаетчиски постројки и др.(“Службен весник на РМ“ бр.146/2010);
- Најстрого да се почитува Законот за заштита од пушењето, а пушењето да се одвива надвор од просториите на објектот;
- При евентуални реконструкции, доградби и други зафати на објектот, да се почитуваат одредбите од Законот за заштита и спасување кои предвидуваат изготвување на Елаборат за заштита од пожари, експлозии и опасни материи (член

70), за активностите кои ќе се изведуваат, односно мерките за заштита од пожари и експлозии кои треба да се преземат на новите доградби.

- Доследно да се почитуваат сите превентивни и оперативни мерки кои се предвидени во Планот за заштита од пожари,експлозии и опасни материи, кој е составен дел на Планот за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи.

## V.НАЧИН НА ЗАПОЗНАВАЊЕ НА ВРАБОТЕНИТЕ СО ОПАСНОСТИТЕ ОД ПОЖАРИ И ЕКСПЛОЗИИ СВРЗАНО СО СООДВЕТНОТО РАБОТНО МЕСТО, ПРИ СТАПУВАЊЕ НА РАБОТА И ПРИ РАСПОРЕДУВАЊЕ ОД ЕДНО НА ДРУГО РАБОТНО МЕСТО

**Член 17**

Општината има обврска да обезбеди секој вработен пред да почне со работа, односно пред распоредување на работа или при прераспоредување од едно на друго работно место, да биде запознат со изворите на опасности за настанување на пожар.

**Член 18**

Секој вработен мора темелно да ги запознае сите можни извори за настанување на пожари и потполно да се обучи за негово спречување и гаснење, а посебно треба да знае:

- Сите опасности од пожарите или експлозиите кои можат да му го загрозат животот и здравјето;
- Начинот на извршување на работата;

- Противпожарните постапки предвидени со општите и посебните прописи и упатства за заштита од пожари и експлозии;
- Практична употреба на противпожарните апарати, уредите и средствата за гаснење на пожарите;
- Употребата на личните и колективните средства;
- Организацијата на заштитата од пожари и експлозии и нејзиното функционирање во Општината;
- Должностите, правата и одговорностите во областа на заштитата од пожари и експлозии;
- Сите други останати елементи кои можат да бидат од значење за заштитата од пожарии експлозии.

**Член 19**

Запознавањето на вработените со условите за работата, опасностите од настанувањето на пожари, мерките средствата за заштита од пожарии експлозии се изведува на курсеви, предавања на организирани работилници и на други начини.

## VI.НАЧИН НА ОБУКА НА ВРАБОТЕНИТЕ ЗА УЧЕСТВО ВО ГАСНЕЊЕ НА ПОЖАРИТЕ, РАКУВАЊЕ СО УРЕДИТЕ, ТЕХНИЧКАТА ОПРЕМА И СРЕДСТВАТА ЗА ГАСНЕЊЕ НА ПОЖАРИ

**Член 20**

Секој вработен е должен да посетува обука од областа на противпожарната заштита заради оспособување за успешно справување со евентуална појава на оган, а со тоа и пожар.

Општината презема мерки и дејствија во насока на обучување на вработените.

**Член 21**

Обуката на вработените од областа на заштитата од пожарии и експлозии се спроведува во следните случаи:

- При стапување на вработениот на работа, а пред распоредувањето на работите и работните задачи кои произлегуваат од неговото работно место;
- При прераспоредување од едно на друго работно место;
- За време на работата.

**Член 22**

Обуката мора да опфати теоретски и практични знаења и тоа :

- Знаења за општите опасности за пожарите;
- Знаења за специфичните опасности од настанување на пожари поврзани за поедини работи;
- Знаења за нормите и нормативите за заштитата од пожари и експлозии;
- Знаења за содржините на Правилникот за заштита од пожари и експлозии ;
- Знаења за правата, должностите и одговорностите во спроведувањето на заштитата од пожари и експлозии ;
- Знаења за начинот за ракување со противпожарните апарати, хидранти и друга опрема за гаснење на пожарите.

**Член 23**

Обуката од аспект на противпожарна заштита се врши во Центарот за обука кој функционира во рамките на Дирекцијата за заштита и спасување при Република Северна Македонија.

Исто така, обука од областа на противпожарната заштита може да се врши и во Територијалната противпожарна единица на Градот.

**Член 24**

После извршената обука, на секој вработен кој ја завршил обуката, мора да му се издаде соодветен документ за завршена теоретска и практична обука (Уверение и др.).

## VII.ПОСТАПКА НА ВРАБОТЕНИТЕ ПРИ ПОЈАВА НА ПОЖАР

**Член 25**

Во случај на пожар во објектот на Општината, секој вработен е должен е да ги презема следните активности:

1. Веднаш да го активира најблискиот рачен јавувач за пожар и да пристапи кон гаснење на настанатиот пожар, со претходно исклучување на доводот на електрична енергија.
2. Во колку тоа не може да го стори самиот, на помош ги повикува останатите вработени и заедно со сите средства за гаснење кои се на располагање го гаснат настанатиот пожар, а воедно се известува и противпожарната единица на Градот.
3. Повикувањето на територијалната противпожарна единица (ТППЕ) на Градот, за потреба од интервенција, се врши во согласност со Правилникот за правилата за вршење на службата (“Службен весник на РМ“ бр.19/06), од Дирекцијата за заштита и спасување, при што се кажуваат следниве податоци:

- **Назив на објеткот што гори;**
- **Улица и број, односно локација на објектот што гори;**
- **Што гори и од каков обем е пожарот;**
- **Дали постои опасност по вработените**
- **Лично име и презиме на лицето кое дојавува за пожарот и телефонски број за контакт.**

**Телефонскиот број на кој се повикува противпожарната единица на Градот е:112.**

## VIII.РАСПОРЕДОТ И ВРЕМЕТО НА ИСПИТУВАЊЕ НА УРЕДИТЕ, ТЕХНИЧКАТА ОПРЕМА И СРЕДСТВАТА ЗА ГАСНЕЊЕ НА ПОЖАРИ

**Одржување, сервисирање и испитување на рачните преносни и рачните превозни противпожарни апарати**

**Член 26**

Одржувањето, сервисирањето и испитувањето на рачните преносни и рачните превозни противпожарни апарати, се врши во согласност со техничките нормативи, стандарди и упатства на производителот.

Одржувањето на противпожарните апарати опфаќа:

- редовен визуелен преглед;
- сервисен преглед;
- контролно испитување.

**Член 27**

Редовниот визуелен преглед се врши од страна на корисникот на противпожарниот апарат, а сервисниот преглед и контролното испитување, се врши од страна на правното лице кое врши сервисен преглед и контролно испитување на противпожарните апарати.

**Член 28**

Редовниот визуелен преглед се врши најмалку еднаш во текот на месецот и истиот опфаќа:

- воочливост на апаратот и пристапноста до него;
- општа состојба на апаратот;
- комплетност на апаратот;

- состојба на пломбата.

За извршените редовни прегледи, задолжително се води евиденција од страна на корисникот, а утврдените недостатоци, корисникот ги отстранува сам или преку овластеното правно лице кое врши сервисен преглед и контролно испитување на противпожарните апарати.

**Член 29**

Сервисниот преглед се врши најмалку еднаш во текот на годината, а по потреба и почесто, во зависност од условите и пожарното оптеретување.

Противпожарните апарати кои се изложени на атмосверски влијанија и други агресивно технолошки средини, се испитуваат нејмалку еднаш во период од шест месеци.

**Член 30**

Содржината на активностите кои го опфаќаат сервисниот преглед на апаратите под постојан притисок, а кој го врши правното лице кое врши сервисен преглед и контролно испитување на противпожарните апарати, е дефиниран во членот 14 од Правилникот за начинот на одредување на местата на кои задолжително треба да се наоѓаат уредите и инсталациите за заштита од пожари, другата противпожарна опрема, средствата за гаснење на пожари, противпожарните апарати, нивното одржување во исправна состојба, посебното обележување и достапноста за употреба ("Службен весник на РМ" бр.74/2006).

**Член 31**

Содржината на активностите кои го опфаќаат сервисниот преглед на апаратите со шишенце за погонски гас, а кој го врши правното лице кое врши сервисен преглед и контролно испитување на противпожарните апарати, се дефинирани во членовите 15 и 16 од Правилникот кој е наведен во членот 30 од овој Правилник.

**Член 32**

Контролно испитување се врши на противпожарни апарати чиј работен притисок е помал од 25 бари и на шишенцата за погонски гас со волуман до 0.5 литри.

**Член 33**

Контролното испитување на противпожарните апарати се врши најмалку секоја 5 година, а содржината на активностите кои ги врши правното лице кое врши сервисен преглед и контролно испитување на противпожарните апарати, се дефинирани во членовите 18, 19 и 20 од Правилникот кој е наведен во членот 30 од овој Правилник.

**Член 34**

Од еден објект, истовремено на сервисен преглед, односно контролно испитување, можат да бидат однесени најмногу 50% од вкупно расположивите противпожарни апарати во објектот, а апаратите кои се однесени на сервисен преглед и контролно испитување, треба да бидат вратени во што е можно пократок рок, но не подолг од 3 дена од денот на носењето на апаратот на сервисирање или контролно испитување.

**Член 35**

Рачните противпожарни апарати да бидат поставени на места во согласност со Елаборатот за заштита од пожари, експлозии и опасни материи, технички исправни и закачени на зид на височина од 1.5 метри од котата на подот, на ниво на рачката за

активирање на апаратот, а над апаратот да има поставена ознака ППА со пропишани димензии според Правилникот за начинот на одредување на местата на кои задолжително треба да се наоѓаат уредите и инсталациите за гаснење на пожари, од Дирекцијата за заштита и спасување (“Службен весник на РМ“ бр.74/2006).

**Член 36**

Сервисирањето и контролното испитување на противпожарните апарати, го врши овластено правно лице со Овластување издадено од Дирекцијата за заштита и спасување на Република Северна Македонија за одржување и сервисирање на противпожарни апарати.

**Одржување, сервисирање и испитување на стабилните инсталации за откривање, јавување и гаснење на пожари и откривање на експлозивни смеси**

**Член 37**

Одржувањето, сервисирањето и испитувањето на хидрантската мрежа, се врши во согласност со Правилникот за техничките нормативи за хидрантска мрежа за гаснење на пожари (“Службен весник на РМ“ бр.26/18), а за извршеното испитување на хидрантската мрежа, на хидрантскиот орман

се лепи контролна налепница на која се запишани податоците од контролното испитување, а содржината на податоците е составен дел од горенаведениот Правилник.

**Член 38**

Хидрантската мрежа со сите уреди и арматура, се контролира најмалку еднаш годишно.

**Член 39**

При испитувањето се мери притисокот на водата при истовремена работа на сите внатрешни и надворешни хидранти, кои му даваат потребен проток на вода за гаснење на пожар на одделен објект.

**Член 40**

На надворешните хидранти се поставуваат млазници со усник со пречник од 16mm, а на внатрешните хидранти се поставуваат млазници со усник со пречник од 12mm.

**Член 41**

Притисокот се мери на контролниот млазник на највисокиот спрат или на хидрантот кој е најоддалечен од приклучокот.

**Член 42**

Притисокот се мери при истекување на водата од сите хидранти во полн млаз и тоа 2 минути после истекувањето.

**Член 43**

Цревата во хидрантските ормани се испитуваат најмалку еднаш годишно, со притисок на водата од 7 бари.

**Член 44**

Хидрантите кои се инсталирани во објектот на Општината, секогаш да бидат во исправна состојба и комплетни во поглед на опременоста со вентили, црева, спојки, клучеви, млазници и друга потребна опрема.

**Член 45**

Одржувањето и сервисирањето на стабилните инсталации за откривање, јавување и гаснење на пожари и откривање на експлозивни смеси, се врши во согласност со член 45 точка 4 од Законот за пожарникарство, а се врши во согласност со техничките нормативи, стандарди и упатства од производителот, а најмалку еднаш годишно.

**Член 46**

Одржувањето и сервисирањето на стабилните инсталации за откривање, јавување и гаснење на пожари и откривање на експлозивни смеси, се врши од страна на правно лице кое е регистрирано за таква дејност, овластено за вршење на таква дејност од страна на Дирекцијата за заштита и спасување.

**Член 47**

За извршеното одржување, сервисирање и испитување на инсталациите од членот 45 од овој Правилник, а во согласност со член 45 точка 5 од Законот за пожарникарство, Општината е должна да води посебна евиденција за извршеното одржување, сервисирање, односно испитување.

**Член 48**

За извршеното одржување, сервисирање и испитување на инсталациите од членот 45 од овој Правилник, Општината, а во согласност со член 45 точка 6 од Законот за пожарникарство, треба да прибави потврда од правното лице кое го извршила сервисирањето, односно испитувањето.

## IX. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 49**

Вработените во Општината доследно да ги почитуваат сите одредби кои произлегуваат од Правилникот за заштита од пожари и експлозии, а

непочитувањето претставува повреда на работната обврска и истото ќе биде санкционирано во согласност со законските и подзаконските прописи кои ги регулираат работите од областа на работните односи (Закон за административни службеници, Закон за работни односи и др.).

**Член 50**

Со цел остварување на целите и задачите од областа на заштитата од пожари и експлозии, по потреба се соработува со надлежните органи од Дирекцијата за заштита и спасување.

**Член 51**

За доследно спроведување на активностите од областа на заштитата од пожари и експлозии во објектот на Општината, градоначалникот назначува одговорни вработени за заштита од пожари и експлозии.

**Член 52**

Правилникот за заштита од пожари и експлозии влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службениот гласник на општината Ѓорче Петров" а ќе се објави по добивањето на Согласност од Дирекцијата за заштита и спасување на Република Северна Македонија.

**Број 02-1464/7**
**од 27.09.2024 година**
**С к о п ј е**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Ленче Нелоска с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров - Пречистен текст („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр.8/23), градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

## РЕШЕНИЕ
### за објавување на Одлука за доделување на финансиски средства

Се објавува одлуката за доделување на финансиски средства на општинското основно училиште „Мирче Ацев“, што советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Четириесетиседмата седница на советот, одржана на ден 27.09.2024 година.

**Број 02-1536/6**
**од 27.09.2024 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 36 став 10 и член 62 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 05/02), и член 24 став 1 точка 15 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст ( Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 8/23) советот на Општина Ѓорче Петров на 47-мата седница одржана на ден 27.09.2024 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За доделување на финансиски средства**

**Член 1**

На општинското основно училиште Мирче Ацев од буџтот на Општина Ѓорче Петров за 2024 година, програма Н1-основно образование, конто 464990 други трансвери, се доделуваат 240.000,00 денари, со вклучен ДДВ.

**Член 2**

Финансиските средства од член 1 на оваа одлука се наменети за склучување на Анекс на рамковна спогодба за јавна набавка за комплетно молерисување и глетување на училниците и ходиниците.

**Член 3**

Финансиските средства од член 1 на оваа Одлука да се пренесат на жиро сметка на општинското основно училиште Мирче Ацев.

**Член 4**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот објавувањето во „Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 02-1464/8**
**од 27.09.2024 година**
**С к о п ј е**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Ленче Нелоска с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров - Пречистен текст („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр.8/23), градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

## РЕШЕНИЕ
## за објавување на Одлука за начинот на користење на финансиските средства од наплатата на комуналната такса за јавно осветлување

Се објавува одлуката за начинот на користење на финансиските средства од наплатата на комуналната такса за јавно осветлување, што советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Четириесетиседмата седница на советот, одржана на ден 27.09.2024 година.

**Број 02-1536/7**
**од 27.09.2024 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 15 од Законот за комуналните такси („Службен весник на Република Македонија" бр. 61/04, 64/05, 92/07, 123/12, 154/15, 192/15 и 23/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 151/21), член 36 став 10 и член 62 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 05/02) и член 24 став 1 точка 15 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст ( Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 8/23) , советот на Општина Ѓорче Петров на 47-мата седница одржана на ден 27.09.2024 година, донесе

**О Д Л У К А**

**За начинот на користењето на финансиските средствата од комуналната такса, што се плаќа за користење и одржување на јавното осветлување**

**Член 1**

Приливот на финансиските средства по основ на комуналната такса за улично осветлување се користат за:

- Плаќање на фиксен месечен надоместокот за ЈПП кон приватниот партнер за период од 12 години (144 месечни надоместоци) согласно договорот за ЈПП, во износ од 1.170.011,00 денари со ДДВ;
- Плаќање на потрошената електрична на електрична енергија;
- Одржување на јавното осветлување кое не е во опфатот на договорот за ЈПП и
- Развој, проширување, односно изградба на нови линии (напојни водови и столбови) согласно проектна документација.

**Член 2**

Во годишните програми за јавно осветлување на Општина Ѓорче Петров задолжително се внесува начинот на користење на комуналната такса од уличното осветлување како што е наведено во став 1 на овој член од одлуката.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот објавувањето во „Службен гласник на Општина Ѓорче Петров".

**Број 02-1464/9**
**од 27.09.2024 година**
**С к о п ј е**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Ленче Нелоска с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров - Пречистен текст („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр.8/23), градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

## РЕШЕНИЕ
## **за објавување на Одлука за измени и дополнувања на Програма за комунални дејности за 2024 година**

Се објавува одлуката за измени и дополнувања на Програмата за комунални дејности за 2024 година, што советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Четириесетиседмата седница на советот, одржана на ден 27.09.2024 година.

**Број 02-1536/8**
**од 27.09.2024 година**
**Скопје**

ГРАДОНАЧАЛНИК НА
ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 36 и член 62 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), член 7 од Законот за комунални дејности („Службен весник на Република Македонија“ број 95/12,163/13,42/14,44/15,147/15,31/16 и 64/18 и („Службен весник на Република С.Македонија“ бр.302/20), член 15 од Законот за управување со отпад („Службен весник на Република С.Македонија“ бр.216/21) и член 16 став 1 точка 15 од Статутот на Општина Ѓорче Петров – Пречистен текст („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр.8/13), советот на Општина Ѓорче Петров на 47-мата седница одржана на 27.09.2024 година, донесе:

## ОДЛУКА
## за изменување и дополнување на Програмата за комунални дејности на Општина Ѓорче Петров за 2024 година

**Член 1**

Се врши изменување и дополнување на Програмата за комунални дејности за 2024 година, објавена во („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ број 14/23).

**Член 2**

Се изменува и дополнува Програмата за комунални дејности, Програма Ј7 Одржување и користење на паркови и зеленило, Програма Е0 Општинска администрација; Програма ЕА Општинска администрација (Капитални расходи); Програма Д1 Месна Самоуправа; Програма Н1 Основно образование; Програма ЛО Спорт и рекреација; Програма Д1 Месна Самоуправа и тоа:

1. Програма Ј7 Одржување и користење на паркови и зеленило, конто 421120 Водовод и канализација, бројот 800.000,00 се заменува со бројот 1.100.000,00
2. Програма Е0 Општинска администрација конто 426120 Членарини во други организации, износ во денари бројот 18.000,00 се заменува со бројот 118.000,00;
3. Програма ЕА Општинска администрација (капитални расходи) конто 485230 Набавка на софтвер износ во денари,бројот 6.700.000,00 се заменува со бројот 4.100.000,00 , конто 480190 Купување на друга опрема износ во денари бројот 200.000,00 се заменува со бројот 1.060.000,00, конто 480290 Купување на други машини бројот 305.700,00 се заменува со бројот 905.700,00
4. Програма Н1 Основно образование конто 424210 Одржување на згради, износ во денари, бројот 5.064.870,00 се заменува со бројот 4.264.870,00 ;
5. Програма ЛА0 Спорт и рекреација (капитални расходи) конто 482920 Изградба на спортски и детски игралишта, износ во денари, бројот 7.000.000,00 се заменува со бројот 0; конто 482930 Реконструкција на спортски и детски игралишта износ во денари, бројот 12.000.000,00 се заменува со бројот 6.000.000,00;
6. Програма Д1 Месна самоуправа конто 421110 Електрична енергија износ во денари бројот 768.080,00 се заменува со бројот 950.000,00, конто 424210 износ во денари, бројот 200.000,00 се заменува со бројот 1.800.000,00.

**Член 3**

Одлуката за изменување и дополнување на Програмата за комунални дејности, е составен дел на Програмата за комунални дејности на Општина Ѓорче Петров за 2024 година.

**Член 4**

Се задолжува Секторот за урбанизам, комунални дејности и инвестиции, да изработи пречистен текст на Програмата за комунални дејности на Општина Ѓорче Петров за 2024 година.

**Член 5**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 02-1464/10**
**од 27.09.2024 година**
**С к о п ј е**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Ленче Нелоска с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров - Пречистен текст („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр.8/23), градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

## РЕШЕНИЕ
**за објавување на Одлука за изменување и дополнување на Програма за урбано планирање „Ф“ на Општина Ѓорче Петров за 2024 година**

Се објавува одлуката за изменување и дополнување на Програмата за урбано планирање „Ф“ на Општина Ѓорче Петров за 2024 година, што советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Четириесетиседмата седница на советот, одржана на ден 27.09.2024 година.

**Број 02-1536/9**
**од 27.09.2024 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на Член 39 став (5) и Член 40 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 32/20, 111/23 и 171/24), Член 95 од Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија“ број 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 275/19), Член 20, Член 36 и Член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ број 5/02) и Член 16 став (1) точки 15 и 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров – Пречистен текст („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ број 8/23), советот на Општина Ѓорче Петров на 47-мата седница одржана на 27.09.2024 година, донесе:

**ОДЛУКА**
**за Изменување и дополнување на**
**Програмата за урбано планирање „Ф“ на Општина Ѓорче Петров за 2024 година**

**Член 1**

Се врши изменување и дополнување на Програмата за урбано планирање „Ф“ на Општина Ѓорче Петров за 2024 година (бр. 08-2579/17 од 27.12.2023 год., објавена во „Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр. 14/2023, Изменување и дополнување со бр. 02-288/12 од 12.02.2024 год. објавено во „Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр. 2/2024 и Изменување и дополнување со бр. 02-1091/13 од 15.07.2024 год. објавено во „Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр. 9/2024) и тоа се врши изменување на: Потпрограма „ФА0“ за уредување на градежното земјиште и Потпрограма „Ф1“ за урбанистичко планирање.

**Член 2**

Во Потпрограмата „ФА0“ за уредување на градежното земјиште се врши изменување и дополнување:

- Потпрограма „ФА0“ Уредување на градежно земјиште капитални расходи, конто 482130 Реконструкција на улици и патишта, износ во денари, бројот 12.280.360,00 се заменува со бројот 18.280.360,00.

**Член 3**

Во Потпрограмата „Ф1“ за урбанистичко планирање во насловот „II. Начин на распределба на средствата за финансирање“, во табелата „Расходи за реализација според намената за урбанистичко планирање“, во делот „Ф10 Урбанистичко планирање“ – „425640 Изработка на просторни и урбанистички планови“ – „Изработка на ДУП-ови согласно нов ГУП на Град Скопје“, во втората алинеја (од табелата: ред 5, колона 2) текстот:

- „Изработка на Блок СЗ (ново планирани ДУП-ови) ДУП СЗ 05 (Блокови СЗ 05.02, СЗ 05.03, СЗ 05.04, СЗ 05.05), ДУП СЗ 27 Блокови СЗ 27.01, СЗ 27.02, СЗ 27.03, СЗ 27.04, СЗ 27.05 и СЗ 27.06 и ДУП СЗ 09 (еден блок)“,

се заменува со:

- „Изработка на ново планирани ДУП-ови:
    - ДУП за Градска четврт СЗ 05, Блокови СЗ 05.02, СЗ 05.03, СЗ 05.04 и СЗ 05.05,
    - ДУП за Градска четврт СЗ 27, Блокови СЗ 27.01, СЗ 27.02, СЗ 27.03, СЗ 27.04, СЗ 27.05 и СЗ 27.06,

- ДУП за Градска четврт СЗ 09,
- Изменување и дополнување на ДУП за Градска четврт СЗ 15, Блок СЗ 15.03".

**Член 4**

Во Потпрограмата „Ф1" за урбанистичко планирање во насловот „II. Начин на распределба на средствата за финансирање", во табелата „Расходи за реализација според намената за урбанистичко планирање", во делот „Ф10 Урбанистичко планирање" - „425640 Изработка на просторни и урбанистички планови" – „Изработка на други плански документации", по втората алинеја (од табелата: ред 12) се додава нова алинеја (нов ред 13) со текстот:
„Урбанистички проект за инфраструктура за промена на трасата и надградба на профилот на Собирна улица „Новопланирана 2" од УПС Орман (Одлука бр. 07-42/4 од 22.01.2010 год.), Општина Ѓорче Петров".
Во табелата претходните редови 12, 13, 14, 15, 16, 17, 18, 19 и 20 стануваат редови 13, 14, 15, 16, 17, 18, 19, 20 и 21.

**Член 5**

Во Потпрограмата „Ф1" за урбанистичко планирање во насловот „II. Начин на распределба на средствата за финансирање", во табелата „Расходи за реализација според намената за урбанистичко планирање", во делот „Ф10 Урбанистичко планирање" – „425640 Изработка на просторни и урбанистички планови" – „Водење постапки по иницијатива од правни и физички лица за изработка на урбанистички планови и планско - проектни документации", (од табелата: ред 15, колона 2), во списокот со урбанистички планови по шестата алинеја се додаваат нови седма и осма алинеја:

- ДУП за Градска четврт СЗ 01,
- Изменување и дополнување на УПС Ново Село, Блокови 2.14 и 2.16,

Претходните алинеи 7 и 8 стануваат алинеи 9 и 10.

**Член 6**

Оваа Одлука за изменување и дополнување станува составен дел на Програмата за урбано планирање „Ф" на Општина Ѓорче Петров за 2024 година.

**Член 7**

Се задолжува Секторот за урбанизам, инвестиции и комунални дејности да изработи пречистен текст на Програмата за урбано планирање „Ф" на Општина Ѓорче Петров за 2024 година.

**Член 8**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Ѓорче Петров".

**Број 02-1464/11**
**од 27.09.2024 година**
**С к о п ј е**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Ленче Нелоска с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров - Пречистен текст („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр.8/23), градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

## РЕШЕНИЕ
## за објавување Одлука за методологија за утврдување на критериуми за распределба на средства од основниот буџет на општина Ѓорче Петров за 2024 година

Се објавува одлуката за методологија за утврдување на критериуми за распределба на средства од основниот буџет на општина Ѓорче Петров за 2024 година наменети за општинските основни училишта на територијата на општина Ѓорче Петров, што советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Четириесетиседмата седница на советот, одржана на ден 27.09.2024 година.

**Број 02-1536/10**
**од 27.09.2024 година**
**Скопје**

ГРАДОНАЧАЛНИК НА
ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1  точка 15 и член 62 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. број 05/02), член 16 став 1 точка 37 од Статутот на општина Ѓорче Петров - пречистен текст (Службен Гласник на општина Ѓорче Петров бр.8/23), советот на Општина Ѓорче Петров на 47-мата седница одржана на ден 27.09.2024 година, донесе:

**ОДЛУКА**
**за методологијата за утврдување на критериуми за распределба на средства од основниот буџет на општина Ѓорче Петров за 2024 година наменети за општинските основни училишта на територијата на Општина Ѓорче Петров**

**Член 1**

Со оваа Одлука се пропишува методологијата за утврдување на критериуми за распределба на средства од основниот буџет на општина Ѓорче Петров за 2024 година, наменети за покривање на т. н.  материјални трошоци на општинските основни училишта (О.О.У.) на територијата на Општина Ѓорче Петров.

**Член 2**

Согласно Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2024 година,  финансирањето  со средствата од основниот буџет на општината, на сите  6 (шест) општински основни училишта на територијата на Општина Ѓорче Петров, се врши во Програма Н1, Потпрограма Н10 - Основно образование и Програма НА, Потпрограма НА0 – Капитални расходи за основно образование..

Вкупниот износ на планирани средства од основниот буџет на општината Ѓорче Петров за покривање на т.н. материјални трошоци за општинските основни училишта за 2024 година изнесува 24.500.000,00 денари.

Бруто износот за платите и бруто износот за регрес за годишен одмор за 2024 година, во целост се планираат со средства од блок дотација за основно образование за општина Ѓорче Петров за 2024 година.

**Член 3**

Средствата утврдени во член 2 став 2 од оваа Одлука наменски се распределени на секое општинско основно училиште врз основа на податоците доставени од страна на општинските основни училишта и нивните годишни финансови планови, усогласени со реалните потреби и можностите на општината.

Поради усогласување на потребите може да се врши корекција на пресметаните проценти и износи на средства по основни училишта, односно може да се врши зголемување/намалување на износот на средства на едно училиште за сметка на другите општински основни училишта.

**Член 4**

Критериуми за распределба на средствата од основниот буџет на општина Ѓорче Петров за 2024 година по општински основни училишта се:

- вкупен износ на средства од основен буџет на општината за 2024 наменети за покривање на т.н. материјални трошоци на општински основни училишта,

- бројот на ученици на ниво на општина,  односно по општинско основно училиште, запишани за учебната 2023/2024 година   и

- големина на училиштето.

**Член 5**

Распределбата на средствата од основниот буџет на општина Ѓорче Петров за 2024 година, кои служат за покривање на т.н. материјални трошоци на општинските основни училишта, се врши според следната формула:

НД= (м2х0,3)+(бр.уч.х4):(вк.м2х0,3)+(вк.бр.уч.х4) , каде:

**НД** – Наменски дел за покривање на материјални трошоци за 2024 година = 24.500.000,00 денари

- 24.500.000,00 денари е вкупен износ на средствата од основниот буџет на општина Ѓорче Петров за 2024 година, кои служат за покривање на т.н. материјални трошоци на општинските основни училишта;
- **К м2** – коефициент за површина =0,3
- **К уч.** - коефициент за број на ученици = 4

Следат Табела 1 и Табела 2 за распределбата на средствата од основниот буџет на општина Ѓорче Петров за 2024 година по општински основни училишта, кои се составен дел на оваа Одлука.

Поради усогласување на потребите, во колона 6 од Табела 1 се прави корекција во износот на распределените средства по основни училишта, односно зголемување/намалување на износот на средствата од едно основно училиште за сметка на другите основни училишта.

**Табела 1**

Коефициент за површина = 0,3
Коефициент за број на ученици = 4

| **Ред. бр.** | **Име на општинско основно училиште** | **Вк. површина во м2** | **Вк. број на ученици во учебна 2023/2024 година** | **Вкупен коефиц.** | **Процент** | **Распределба на средства според процент за наменски дел за м.т. изразени во апсолутен износ Вк. (МКД)** | **Распределба на средства според усогласени потреби за наменски дел за м.т. изразени во апсолутен износ Вк. (МКД)** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **1** | **2** | **3** | **4** | **5** | **6** |
| 1. | Мирче Ацев | 4.400 | 731 | 4.246 | 20,76 % | 5.086.200,00 | 4.227.000,00 |
| 2. | Ѓорче Петров | 3.820 | 310 | 2.387 | 11,67 % | 2.859.150,00 | 3.263.000,00 |
| 3. | Димитар П.Г.Беровски | 5.935 | 1010 | 5.823 | 28,46 % | 6.972.700,00 | 5.738.000,00 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 4. | Страшо Пинцур | 2.964 | 595 | 3.272 | 15.99 % | 3.917.550,00 | 3.623.000,00 |
| 5. | Тихомир Милошевски | 1.915 | 439 | 2.334 | 11.41 % | 2.795.450,00 | 3.018.000,00 |
| 6. | Јоаким Крчовски | 1.447 | 489 | 2.395 | 11,71 % | 2.868.950,00 | 4.631.000,00 |
| | **Вкупно:** | **20.481** | **3.574** | **20.457** | **100 %** | **24.500.000,00** | **24.500.000,00** |

Во Табела 1 се прикажани податоци за општинските основни училишта за површина, број на ученици во учебната 2023/2024 година, коефициент, вкупен износ за т.н. материјални трошоци по училиште изразени во процент и во апсолутен износ.

Во колоната 5 од Табела 1, се прикажани износите по основно училиште за наменскиот дел од средствата од основен буџет на општина Ѓорче Петров за 2024 година, изразени во апсолутен износ и пресметани според утврдениот процент во колоната 4.

Во колоната 6 од Табела 1, се врши распределба на наменскиот дел за т.н. материјални трошоци од средствата од основен буџет на општина Ѓорче Петров за 2024 година по општинските основни училишта, со отстапување од пресметаните проценти поради усогласување на потребите и истите се изразени во апсолутни износи.

**Табела 2**

| ГОДИШЕН ФИНАНСИСКИ ПЛАН ЗА ОСНОВНИ УЧИЛИШТА ЗА 2024 ГОДИНА ЗА СРЕДСТВА ОД ОСНОВЕН БУЏЕТ НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ ЗА 2024 ГОДИНА | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | О.О.У. МИРЧЕ АЦЕВ | О.О.У. ЃОРЧЕ ПЕТРОВ | О.О.У. Д.П.Г. БЕРОВСКИ | О.О.У. СТРАШО ПИНЦУР | О.О.У. ТИХОМИР МИЛОШЕВСКИ | О.О.У. ЈОАКИМ КРЧОСКИ | ВКУПЕН БУЏЕТ ЗА 2024 ГОДИНА |
| ставка/потставка | БУЏЕТ ЗА 2024 ГОДИНА | БУЏЕТ ЗА 2024 ГОДИНА | БУЏЕТ ЗА 2024 ГОДИНА | БУЏЕТ ЗА 2024 ГОДИНА | БУЏЕТ ЗА 2024 ГОДИНА | БУЏЕТ ЗА 2024 ГОДИНА | |
| **421-комунални услуги, греење, комуникација и транспорт** | **3.294.000** | **2.656.000** | **4.853.000** | **2.866.000** | **2.397.000** | **2.269.000** | **18.335.000** |
| 421110-ел.енергија | 500.000 | 456.500 | 700.000 | 537.000 | 500.000 | 400.000 | 3.093.500 |
| 421120-водовод и канализација | 179.000 | 250.000 | 150.000 | 120.000 | 75.000 | 120.000 | 894.000 |
| 421130-ѓубретарина | 265.000 | 260.500 | 325.000 | 220.000 | 33.000 | 66.000 | 1.169.500 |
| 421210-централно греење | 0 | 0 | 1.500.000 | 0 | 0 | 0 | 1.500.000 |
| 421220-дрва | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 350.000 | 350.000 |
| 421240-течни горива | 2.255.000 | 1.590.000 | 2.055.000 | 1.900.000 | 1.688.000 | 1.193.000 | 10.681.000 |
| 421310-пошта | 5.000 | 7.000 | 10.000 | 7.000 | 3.000 | 5.000 | 37.000 |
| 421320-телефон и телефакс | 80.000 | 80.000 | 100.000 | 70.000 | 90.000 | 120.000 | 540.000 |
| 421440-транспорт на луѓе | 10.000 | 12.000 | 13.000 | 12.000 | 8.000 | 15.000 | 70.000 |
| **423-материјали и ситен инвентар.** | **397.000** | **280.000** | **381.000** | **311.000** | **268.000** | **270.000** | **1.907.000** |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 423110-канцелариски материјали | 60.000 | 40.000 | 55.000 | 45.000 | 40.000 | 45.000 | 285.000 |
| 423120-списанија, весници, др.изданија | 20.000 | 20.000 | 10.000 | 20.000 | 21.000 | 15.000 | 106.000 |
| 423210-материјали за АОП | 30.000 | 20.000 | 25.000 | 30.000 | 25.000 | 25.000 | 155.000 |
| 423310-униформи | 20.000 | 10.000 | 20.000 | 15.000 | 10.000 | 10.000 | 85.000 |
| 423320-обувки | 10.000 | 10.000 | 15.000 | 0 | 7.000 | 5.000 | 47.000 |
| 423610-наставно образовни помагала | 25.000 | 30.000 | 40.000 | 23.000 | 25.000 | 25.000 | 168.000 |
| 423620-училишни материјали | 25.000 | 20.000 | 45.000 | 23.000 | 20.000 | 25.000 | 158.000 |
| 423710-средства за хигиена | 80.000 | 40.000 | 70.000 | 65.000 | 60.000 | 55.000 | 370.000 |
| 423720-материјали за разни поправки | 40.000 | 30.000 | 30.000 | 25.000 | 20.000 | 25.000 | 170.000 |
| 423810-ситен инвентар | 30.000 | 30.000 | 38.000 | 25.000 | 20.000 | 20.000 | 163.000 |
| 423990-други материјали | 57.000 | 30.000 | 33.000 | 40.000 | 20.000 | 20.000 | 200.000 |
| **424-Поправки и тековно одржување** | **140.000** | **87.000** | **149.000** | **111.000** | **107.000** | **110.000** | **704.000** |
| 424230-дезинфекција | 50.000 | 25.000 | 50.000 | 25.000 | 30.000 | 30.000 | 210.000 |
| 424420-поправка и одржување софтвер и хардвер | 40.000 | 35.000 | 56.000 | 50.000 | 45.000 | 40.000 | 266.000 |
| 424440-поправка и одржување на друга опрема | 45.000 | 20.000 | 30.000 | 25.000 | 25.000 | 30.000 | 175.000 |
| 424510-одржување зелени површини | 5.000 | 7.000 | 13.000 | 11.000 | 7.000 | 10.000 | 53.000 |
| **425-договорни услуги** | **214.000** | **150.000** | **200.000** | **170.000** | **149.000** | **1.858.000** | **2.741.000** |
| 425140-изнајмување канцелариска опрема | 23.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 23.000 |
| 425250-осигурување недвижности и права | 30.000 | 20.000 | 40.000 | 40.000 | 36.000 | 40.000 | 206.000 |
| 425490-Други здравствени услуги | 90.000 | 70.000 | 95.000 | 80.000 | 65.000 | 80.000 | 480.000 |
| 425760-превозни услуги во образование | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.673.000 | 1.673.000 |
| 425920-услуги за копирање, печатење, издавање | 30.000 | 40.000 | 30.000 | 20.000 | 28.000 | 40.000 | 188.000 |
| 425990-други договорни услуги | 41.000 | 20.000 | 35.000 | 30.000 | 20.000 | 25.000 | 171.000 |
| **426-други тековни расходи** | **137.000** | **80.000** | **110.000** | **144.000** | **85.000** | **90.000** | **646.000** |
| 426310-семинари и конференции | 22.000 | 10.000 | 20.000 | 23.000 | 10.000 | 10.000 | 95.000 |
| 426410-објавување на огласи | 60.000 | 40.000 | 60.000 | 100.000 | 40.000 | 45.000 | 345.000 |
| | 55.000 | 30.000 | 30.000 | 21.000 | 35.000 | 35.000 | 206.000 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 426990-дрруги оперативни расходи | | | | | | | |
| **482 - други градежни објекти** | **45.000** | **10.000** | **45.000** | **48.000** | **12.000** | **7.000** | **167.000** |
| 482940-надзор над изградба | 45.000 | 10.000 | 45.000 | 48.000 | 12.000 | 7.000 | 167.000 |
| **Вкупно м.т.** | **4.227.000** | **3.263.000** | **5.738.000** | **3.650.000** | **3.018.000** | **4.604.000** | **24.500.000** |
| **следува по методологија** | 5.086.200 | 2.859.150 | 6.972.700 | 3.917.550 | 2.795.450 | 2.868.950 | 24.500.000 |
| **отстапување** | -859.200 | 403.850 | -1.234.700 | -267.550 | 222.550 | 1.735.050 | 0 |

Во Табела 2 се прикажани податоци за годишните финансиски планови за 2024 година за средства од основен буџет на Општина Ѓорче Петров за 2024 година за наменскиот дел за покривање на т.н. материјални трошоци, поединечно и збирно за општинските основни училишта, со планираните износи по буџетски расходни ставки и потставки.

**Член 6**

Средствата од основниот буџет на општина Ѓорче Петров за 2024 година за т.н. материјални трошоци, се насочуваат до буџетските сметки на општинските основни училишта преку Секторот за финансиски прашања.

Општинските основни училишта доставуваат месечни финансиски планови на расходи за одобрување на средства најдоцна до 10-ти во месецот а извештаи за реализација на средствата на месечно и квартално ниво, по завршување на месецот/кварталот.

Општинските основни училишта одобрените средства може да ги користат во висина на планираните износи и намени по потставки во Табелата 2 од член 5 од оваа Одлука.

**Член 7**

Распоредувањето на средствата од основниот буџет на општина Ѓорче Петров за 2024 година за т.н. материјални трошоци по основни училишта, ќе се врши согласно распределбата на средствата прикажани во апсолутен износ во колона 6 од Табела 1 и планираните износи по ставки и потставки прикажани во Табелата 2 од членот 5 од оваа Одлука.

**Член 8**

Со донесување на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за методологија за утврдување на критериуми за распределба на блок дотацијата наменета за основните училишта на територијата на Општина Ѓорче Петров за 2024 година бр.08-2579/24 од 27.12.2023 година (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.14/2023).

**Член 9**

Одлуката стапува во сила со денот на објавување во „Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 02-1464/12**
**од 27.09.2024 година**
**С к о п ј е**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Ленче Нелоска с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров - Пречистен текст („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр.8/23), градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

## РЕШЕНИЕ
## за објавување на Одлука за методологијата за утврдување на критериуми за распределба на блок дотацијата наменета за општинските основни училишта на територијата на Општина Ѓорче Петров за 2024 година

Се објавува одлуката за методологијата за утврдување на критериуми за распределба на блок дотацијата наменета за општинските основни училишта на територијата на Општина Ѓорче Петров за 2024 година, што советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Четириесетиседмата седница на советот, одржана на ден 27.09.2024 година.

**Број 02-1536/11**
**од 27.09.2024 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 и член 62 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. број 05/02), член 8 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (Сл.Весник на Р.Македонија бр. 96/2004, 67/2007, 156/2009, 47/2011, 192/15, 209/18 и Сл.Весник на Р.С.Македонија бр.244/19, 53/21, 77/21, 150/21, 173/22 и 170/24), член 16 став 1 точка 37 од Статутот на општина Ѓорче Петров - пречистен текст (Службен Гласник на општина Ѓорче Петров бр.8/23), Советот на Општина Ѓорче Петров на 47-мата седница одржана на ден 27.09.2024 година, донесе:

## ОДЛУКА
**за методологијата за утврдување на критериуми за распределба на блок дотацијата наменета за општинските основни училишта на територијата на Општина Ѓорче Петров за 2024**

**Член 1**

Со оваа Одлука се пропишува методологијата за утврдување на критериуми за распределба на блок дотацијата наменета за општинските основни училишта (О.О.У.) на територијата на Општина Ѓорче Петров.

**Член 2**

Согласно Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2024 година, финансирањето со средства од блок дотација на сите 6 (шест) општински основни училишта на територијата на Општина Ѓорче Петров, се врши во Програма Н1 и Потпрограма Н10 - Основно образование.

**Член 3**

Средствата утврдени во член 2 од оваа Одлука наменски се распоредуваат на секое општинско основно училиште врз основа на податоците доставени од страна на општинските основни училишта и нивните годишни финансиски планови усогласени со висината на средствата од блок дотацијата.

Поради усогласување на потребите може да се врши корекција на пресметаните проценти и износи на средства по основни училишта, односно може да се врши зголемување/намалување на износот на средства на едно училиште за сметка на другите општински основни училишта.

**Член 4**

Критериуми за распределба на блок дотацијата за 2024 година по општински основни училишта се:

- вкупно добиената сума на блок дотацијата за 2024 година од Министерството за образование и наука,
- бројот на ученици вкупно на ниво на општина, односно по општинско основно училиште, запишани за учебната 2023/2024 година, и
- големина на училиштето.

Бруто износот за платите и бруто износот за регрес за годишен одмор, бидејќи се пресметани и дадени се како задолжителна обврска по број на вработени, се минусираат од методологијата за распределба.

**Член 5**

Распределбата се врши само на средствата од блок дотацијата кои служат за покривање на т.н. материјални трошоци според следната формула:

НД= (м2х0,3)+(бр.уч.х4):(вк.м2х0,3)+(вк.бр.уч.х4) , каде:

**НД** – Наменски дел за покривање на материјални трошоци за 2024 година:
= 239.163.000,00 ден. – 225.960.000,00 ден. = 13.203.000,00 ден. + 3.852.686,00 ден .= 17.055.686,00 ден. , од кои:

- 239.163.000,00 денари е износот на блок дотација за основно образование за 2024 г., определена за Општина Ѓорче Петров со Измени и дополнувања на Буџетот на Р.С.Македонија за 2024 година (Сл.Весник на Р.С.Македонија бр.169/2024),

- 225.960.000,00 денари кои се минусираат од вкупната блок дотација е збир од износите на средства наменет за исплата на бруто плати (220.123.000,00 денари), регрес за годишен одмор за 2024 година (5.250.000,00 денари) и за персонален данок за регресот за годишен одмор за 2024 година (587.000,00 денари),

- 17.055.686,00 денари е износот кој претставува вкупниот наменски дел од блок дотацијата што останува за распределување за потребите за т.н. материјални трошоци,

- Во наменскиот дел, за покривање на потребите на општинските основни училишта за материјални трошоци, на износот од 13.203.000,00 денари се додава износот од 3.852.686,00 денари кој претставува салдо, односно, вкупно пренесен вишок од минати години од блок дотацијата наменета за основно образование. Збирот од наменскиот дел и салдото од минати години изнесува 17.055.686,00 денари и претставува вкупниот износ за распределба на наменскиот дел од блок дотацијата за општински основни училишта за 2024 година, наменет за покривање на т.н. материјални трошоци.

- **К м2** – коефициент за површина =0,3 и
- **К уч.** - коефициент за број на ученици = 4

Следат Табела 1 и Табела 2 за распределбата на наменскиот дел од блок дотацијата за основно образование за 2024 година по општински основни училишта, кои се составен дел на оваа Одлука.

Поради усогласување на потребите, во колона 6 од Табела 1 се прави корекција во износот на распределените средства по основни училишта, односно зголемување/намалување на износот на средствата од едно основно училиште за сметка на другите основни училишта.

**Табела 1 - РАСПРЕДЕЛБА НА НАМЕНСКИОТ ДЕЛ ОД БЛОК ДОТАЦИЈАТА ЗА 2024 ГОДИНА**

Наменски дел за 2024 г. =17.055.686,00 денари
Коефициент за површина = 0,3

Коефициент за број на ученици = 4

| Ред. бр. | Име на општинско основно училиште | Вк. површина во м2 | Вк. број на ученици во учебна 2023/2024 година | Вкупен коефициент | Процент | Распределба на средства според утврден процент - наменски дел за м.т. изразени во апсолутен износ Вкупно (МКД) | Распределба на средства според усогласени потреби - наменски дел за м.т. изразени во апсолутен износ Вкупно (МКД) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| 1. | Мирче Ацев | 4.400 | 731 | 4.246 | 20,76 % | 3.540.760,00 | 3.906.000,00 |
| 2. | Ѓорче Петров | 3.820 | 310 | 2.387 | 11,67 % | 1.990.399,00 | 1.406.686,00 |
| 3. | Димитар П.Г.Беровски | 5.935 | 1010 | 5.823 | 28,46 % | 4.854.048,00 | 3.799.000,00 |
| 4. | Страшо Пинџур | 2.964 | 595 | 3.272 | 15.99 % | 2.727.204,00 | 3.981.000,00 |
| 5. | Тихомир Милошевски | 1.915 | 439 | 2.334 | 11.41 % | 1.946.054,00 | 2.030.000,00 |
| 6. | Јоаким Крчовски | 1.447 | 489 | 2.395 | 11,71 % | 1.997.221,00 | 1.933.000,00 |
| | **Вкупно:** | 20.481 | **3.574** | 20.457 | **100 %** | **17.055.686,00** | **17.055.686,00** |

Во Табела 1 се прикажани податоци за општинските основни училишта за површина, број на ученици во учебната 2023/2024 година, коефициент, вкупен износ за т.н. материјални трошоци по училиште изразени во процент и во апсолутен износ.

Во колоната 5 од Табела 1, се прикажани износите по основно училиште за наменскиот дел од средствата од блок дотацијата, изразени во апсолутен износ и пресметани според утврдениот процент во колоната 4.

Во колоната 6 од Табела 1, се врши распределба на наменскиот дел за т.н. материјални трошоци од средствата од блок дотација по општинските основни училишта, , со отстапување од пресметаните проценти поради усогласување на потребите и истите се изразени во апсолутни износи.

**Табела 2 – Годишен финансиски план за општински основни училишта за наменски дел за покривање на т.н. материјални трошоци за средства од блок дотација за 2024 година**

| ГОДИШЕН ФИНАНСИСКИ ПЛАН ЗА НАМЕНСКИ ДЕЛ ЗА ОПШТИНСКИ ОСНОВНИ УЧИЛИШТА ЗА 2024 ГОДИНА ЗА СРЕДСТВА ОД БЛОК ДОТАЦИЈА ЗА 2024 ГОДИНА | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | ООУ МИРЧЕ АЦЕВ | ООУ ЃОРЧЕ ПЕТРОВ | ООУ ДПГ БЕРОВСКИ | ООУ СТРАШО ПИНЏУР | ООУ ТИХОМИР МИЛОШЕВ-СКИ | ООУ ЈОАКИМ КРЧОСКИ | ВКУПЕН БУЏЕТ ЗА 2024 ГОДИНА |
| ставка/потставка | БУЏЕТ ЗА 2024 ГОДИНА | БУЏЕТ ЗА 2024 ГОДИНА | БУЏЕТ ЗА 2024 ГОДИНА | БУЏЕТ ЗА 2024 ГОДИНА | БУЏЕТ ЗА 2024 ГОДИНА | БУЏЕТ ЗА 2024 ГОДИНА | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **421-комунални услуги, греење, комуникација и транспорт** | **950.000** | **650.000** | **700.000** | **650.000** | **1.100.000** | **450.000** | **4.500.000** |
| 421110-ел. енргија | 0 | 0 | 0 | 0 | 500.000 | 0 | 500.000 |
| 421240-течни горива | 950.000 | 650.000 | 700.000 | 650.000 | 600.000 | 450.000 | 4.000.000 |
| **423-материјали и ситен инвентар** | **55.000** | **46.686** | **55.000** | **50.000** | **50.000** | **55.000** | **311.686** |
| 423710-средства за одрж. Хигиена | 30.000 | 21.686 | 30.000 | 25.000 | 25.000 | 30.000 | 161.686 |
| 423810-ситен инвентар | 25.000 | 25.000 | 25.000 | 25.000 | 25.000 | 25.000 | 150.000 |
| **424-поправки и тековно одржување** | **661.000** | **600.000** | **1.159.000** | **1.111.000** | **260.000** | **423.000** | **4.214.000** |
| 424210-одрж.згради | 661.000 | 600.000 | 1.159.000 | 1.111.000 | 260.000 | 423.000 | 4.214.000 |
| **425-договорни услуги** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **800.000** | **800.000** |
| 425760-превозни услуги во образован. | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 800.000 | 800.000 |
| **480-купување на опрема и машини** | **140.000** | **110.000** | **185.000** | **120.000** | **120.000** | **205.000** | **880.000** |
| 480190-купување на друга опрема | 140.000 | 110.000 | 185.000 | 120.000 | 120.000 | 205.000 | 880.000 |
| **482-други градежни објекти** | **2.100.000** | **0** | **1.700.000** | **2.050.000** | **500.000** | **0** | **6.350.000** |
| 482930-реконструкц. на други објекти | 2.100.000 | 0 | 1.700.000 | 2.050.000 | 500.000 | 0 | 6.350.000 |
| ВКУПНО | **48.918.000** | **27.698.686** | **56.801.000** | **40.701.000** | **30.449.000** | **38.448.000** | **243.015.686** |
| Вкупно плата и регрес | **45.012.000** | **26.292.000** | **53.002.000** | **36.720.000** | **28.419.000** | **36.515.000** | **225.960.000** |
| Вкупно М.Т. | **3.906.000** | **1.406.686** | **3.799.000** | **3.981.000** | **2.030.000** | **1.933.000** | **17.055.686** |
| **следува за М.Т. по методологија** | 3.540.760 | 1.990.399 | 4.854.048 | 2.727.204 | 1.946.054 | 1.997.221 | 17.055.686 |
| **отстапување** | 365.240 | -583.713 | -1.055.048 | 1.253.796 | 83.946 | -64.221 | 0 |

Во Табела 2 се прикажани податоци за годишните финансиски планови за 2024 година за средства од блок дотацијата за наменскиот дел за покривање на т.н. материјални трошоци, поединечно и збирно за општинските основни училишта, со планираните износи по буџетски расходни ставки и потставки.

**Член 6**

Средствата од блок дотација за 2024 година се насочуваат до општинските основни училишта преку Секторот за финансиски прашања за бруто плати, бруто износ за регрес за
годишен одмор за 2024 година и за т.н. материјални трошоци, како што се трансферираат средствата од Министерството за образование и наука до општината.

Општинските основни училишта доставуваат месечни финансиски планови на расходи за одобрување на средства најдоцна до 10-ти во месецот а извештаи за реализација на средствата на месечно и квартално ниво, по завршување на месецот/кварталот.

Општинските основни училишта одобрените средства може да ги користат во висина на планираните износи и намени по потставки во Табелата 2 од член 5 од оваа Одлука.

**Член 7**

Распоредувањето на наменскиот дел од средствата од блок дотацијата по основни училишта за 2024 година, ќе се врши согласно распределбата на средствата прикажани во апсолутен износ во колона 6 од Табела 1 и планираните износи по ставки и потставки прикажани во Табелата 2 од членот 5 од оваа Одлука.

**Член 8**

Со донесување на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за методологија за утврдување на критериуми за распределба на блок дотацијата наменета за основните училишта на територијата на Општина Ѓорче Петров за 2024 година бр.08-2579/25 од 27.12.2023 година (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.14/2023).

**Член 9**

Одлуката стапува во сила со денот на објавување во „Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 02-1464/13** **Совет на Општина Ѓорче Петров**
**од 27.09.2024 година** **Претседател,**
**С к о п ј е** **Ленче Нелоска с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров - Пречистен текст („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр.8/23), градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за измена и дополнување на буџетот (Четврт Ребаланс) на Општина Ѓорче Петров за 2024 година**

Се објавува одлуката за измена и дополнување на буџетот (Четврт Ребаланс) на Општина Ѓорче Петров за 2024 година, што советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Четириесетиседмата седница на советот, одржана на ден 27.09.2024 година.

**Број 02-1536/12**
**од 27.09.2024 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), член 29 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/2004, 67/2007, 156/2009, 47/2011, 192/15, 209/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.244/19, 53/21, 77/21, 150/21 173/22 и 170/24) и член 16 точка 2 од Статутот на општина Ѓорче Петров- Пречистен текст (Службен гласник на општина Ѓорче Петров бр.8/23), советот на општина Ѓорче Петров на -та седница одржана на 27.09.2024 година, донесе:

**Измена и дополна на буџетот на**
**Општина Ѓорче Петров за 2024 година**

**1.Општ дел**

**Член 1**

Буџетот на општина Ѓорче Петров за 2024 година се состои од:

| | | | |
|---|---|---|---|
| **I.** | **Вкупни приходи** | **811.275.718** | **834.820.855** |
| | Даночни приходи | 371.660.554 | 371.592.360 |
| | Неданочни приходи | 49.606.395 | 50.216.395 |
| | Капитални приходи | 16.612.000 | 16.612.000 |
| | Приходи од дотации | 313.276.000 | 331.297.820 |
| | Приходи од трансфери | 47.415.382 | 50.009.180 |
| | Приходи од донации | 12.705.387 | 15.093.100 |
| **II.** | **Вкупни расходи** | **868.406.559** | **894.735.562** |
| | Од утврдени намени | 866.806.559 | 893.135.562 |
| | Расходи од резерви | 1.600.000 | 1.600.000 |
| **III.** | **Дефицит** | -57.130.841 | -59.914.707 |
| **IV.** | **Финансирање** | **57.130.841** | **59.914.707** |
| | **Прилив** | **69.130.841** | **71.914.707** |
| | Прилив од домашно задолжување | 0 | 0 |
| | Прилив од странски заеми | 0 | 0 |
| | Депозити | 69.130.841 | 71.914.707 |
| | **Одлив** | **12.000.000** | **12.000.000** |
| | Отплата на главница | 12.000.000 | 12.000.000 |

**Член 2**

Приходите на Буџетот по видови на приходи се утврдени во билансот на приходи, а расходите по основни намени се утврдени во билансот на расходи и тоа како што следи:

# БИЛАНС НА ПРИХОДИ - ребаланс

## Ниво на: Потставка

| Категорија Ставка | О П И С | Буџетски приходи | | Приходи од самофинансирачки активности | | Приходи од дотации | | Приходи од донации | | Приходи од кредити | | **Вкупни приходи** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Буџет | Ребаланс | Буџет | Ребаланс | Буџет | Ребаланс | Буџет | Ребаланс | Буџет | Ребаланс | Буџет | Ребаланс |
| | | **506.710.485** | **511.392.540** | **35.551.000** | **36.161.000** | **319.145.000** | **339.950.686** | **19.000.074** | **19.231.336** | **0** | **0** | **880.406.559** | **906.735.562** |
| **71** | **ДАНОЧНИ ПРИХОДИ** | **371.660.554** | **371.592.360** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **371.660.554** | **371.592.360** |
| 711 | Данок од доход, од добивка и од капитални добивки | 22.320.000 | 22.320.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 22.320.000 | 22.320.000 |
| 711111 | Данок на плати на вработени лица кај корисниците и еди | 5.000.000 | 5.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 5.000.000 | 5.000.000 |
| 711112 | Данок на плати на вработени лица во трговски друштва | 16.000.000 | 16.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 16.000.000 | 16.000.000 |
| 711114 | Данок на плати остварени во странство | 250.000 | 250.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 250.000 | 250.000 |
| 711133 | Данок на доход од физички лица кои се занимаваат со з | 650.000 | 650.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 650.000 | 650.000 |
| 711139 | Данок на доход на Приходи од занаетчиска дејност спор | 400.000 | 400.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 400.000 | 400.000 |
| 711140 | Камата за ненавремено плаќање на персонален Данок н | 20.000 | 20.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 20.000 | 20.000 |
| 713 | Даноци на имот | 65.486.491 | 65.480.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 65.486.491 | 65.480.000 |
